МКД СЕРТИФИКАТ
МКС EN ISO 9001:2015

**ОПШТИНА КАРПОШ**
**СЕКТОР ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ**
**И КОМУНАЛНИ РАБОТИ**

Број: 11- 6816/2
Датум: 02.12.2021
Скопје

ЗАПИСНИК ЗА КОНСТАТАЦИЈА

Комисијата за следење на состојбите на извршување на работите за поставување на подземни инсталации на Општина Карпош изврши увид на лице место на ден 30.11.2021 година на ул."Борка Талевски" и ул."Багдатска" по барање на Инвеститорот "А1 Македонија" ДООЕЛ Скопје од Скопје за санација на подземна инфраструктура.За санација на подземна инфраструктура потребен е зафат во должина од 125м1 на територија на Општина Карпош на ул."Борка Талевски" и ул."Багдатска".

Санацијата на подземната кабелска инфраструктура да се изведе според технички прописи и стандардни нормативи за изведување на ваков вид на инсталации и да се изврши обезбедување на трасата за безбедност на минувачите со сите потребни означувања,ровот на делот од тротоарската подлога од бетон да се врати во првобитна состојба на тој начин што ископаниот материјал од ровот да се транспортира до депонија,околу инсталациите да се постави ситен песок и останатиот дел од ровот да се исполни со тампон кој што ќе се набие во слоеви и завршно да се бетонира ровот,ровот на делот од тротоарска подлога од бекатон да се врати во првобитна состојба на тој начин што ископаниот материјал од ровот да се транспортира до депонија,околу инсталациите да се постави ситен песок ,дел од ровот до потребната кота на монтажа од павер елементи да се исполни со тампон кој што ќе се набие во слоеви,да се постави ситен песок и да се пререди бекатонот по целата широчина на тротоарот и преминувањето на ул." Багдатска" да се изврши по пат на бушење.

Врз основа на податоците на терен и добиените графички прилози за кабловската мрежа на горенаведената локација, извршена е проверка на должината дека истата изнесува 125m1.

На име надомест за поставување на оптички кабли согласно Одлуката бр.07-6723/6 од 03.10.2014 година на Советот на Општина Карпош за утврдување на номинирана цена за градежно – земјани работи за изведба на прекопи за подземни инсталации во должина од 125m1 се задолжува Инвеститорот да уплати износ од 18.450 денари со вклучен ДДВ на име на неповратни средства за изведување на подземни инсталации.

Комисија за следење на
состојбите на извршување на работите
за поставување на подземни инсталации

Наташа Иванова

Ивана Стојановски

Тома Мандилоски

*ул.Радика бр.9 бараки бр.1 и бр.2 тел. 023055 -903, факс: 3062-925*
*www.karpos.gov.mk*